ADING

# ФЛУИДИНГ-М

*Пластификатор за бетони и малтери, со среден степен на редукција на вода и одржувач на конзистенција.*
*Одговара на: EN 934-2 (Табела 2 и 10), ASTM C494 type A, BS 5075 part 1*

## Област на примена:

- Подготовка на бетонски мешавини во високо и ниско градба кои се вградуваат со пумпа.
- Транспортни бетони.
- Бетонирање при високи температури.
- Бетонирање градежни елементи со густо армирани пресеци.
- Подготовка на цементни инекциони смеси.
- Бетонирање масивни пресеци каде има опасност од појава на несакани последици егзотермија.

## Својства:

- Редукција на вода до 15%;
- Одржување на конзистенција до 2 часа;
- Ја зголемува компактноста на бетонот;
- Ја зголемува водонепропусноста на бетонот;
- Ја подобрува обработливоста на бетонот без дополнително додавање на вода;
- Ги подобрува физичко механичките карактеристики на бетонот;
- Овозможува подобра финална површинска обработка на бетонските површини;
- Не содржи хлориди;

Редукција на вода
согласно EN 480-1 и EN 934-2, Табела 2.




Одржување на конзистенција
согласно EN 480-1 и EN 934-2, Табела 10




## Технички карактеристики:

| | |
|---|---|
| Тип: | Лигно сулфонат |
| Изглед: | Кафена течност |
| Сува материја: | 32,0±1,5% |
| Запреминска маса: | 1,15±0,3 гр/см$^3$ |
| Содржина на хлориди: | нема |
| Содржина на алкалии: | <5,0% |
| pH-фактор: | 7,5±1,0 |

## Дозирање:

Оптималната дозирање најдобро се определува со предходни проби (испитувања) со бараните параметри и материјали за компонирање бетонски мешавини.
Препорачуваме дозирањето на адитивот да се движи од 0,3 до 1,0% во однос на количеството на цемент во бетонската или малтерската мешавина односно од 0,3 до 1,0 кг. на 100 кг. цемент.
Времето на мешање на бетонот со додаток на Флуидинг-М треба да е продолжено за 50 до 100% во однос на мешањето на бетонот без додаток.
Можно е дозирањето да биде и надвор од овие граници, доколку е потребно да се задоволат некои посебни барања за квалитетот на бетонот. Во случај на дозирање надвор од овие граници консултирајте се со стручните служби на АДИНГ.

## Ефект од предозирање:

При предозирање на адитивот постои опасност од значително одложување на времето на почеток и крај на врзувањето на бетонот. Овој ефект е поизразен при употреба на сулфатноотпорни цементи или на портланд цементи со додатоци.

## Компатибилност:

Флуидинг-М е компатибилен со сите адитиви од програмата на АДИНГ. Доколку во бетонската мешавина се користат два или повеќе адитиви потребно е да се направат предходни проби. Различните адитиви се дозираат посебно односно не се мешаат меѓусебно пред уфрлувањето во бетонската мешавина.
Флуидинг-М е употреблив со сите типови на портланд цемент вклучувајќи ги и сулфатно отпорните цементи.

## Пакување:

пластични канти: 5, 12, 25 и 60 кг.
метални буриња: 240 кг.
контејнери: 1200 кг.

## Складирање:

Во оригинално пакување на температура од 5°C до 35°C. Рок на употреба 12 месеци.

Опасност по здравје:
Флуидинг-М не содржи токсични материи, и покрај тоа потребно е да се внимава да не дојде во контакт со кожа, очи или да се проголта. Во случај на прскање на кожа или во очи потребно е испирање со чиста проточна вода. Доколку се проголта потребно е да се побара медицинска помомош.
Пожар:
Флуидинг-М е незапаллива течност
Чистење и депонирање:
Чистењето на остатоци од ФЛУИДИНГ-М е со вода. Старата искористена амбалажа потребно е да се депонира според локалните прописи и регулативи за тој тип на отпад.

ADING
Новоселски пат бб,
1000 Скопје, Р.Македонија,
Тел: ++ 389 / 02 2034 840,
2034 822, Факс: 2034 821

ading@mt.net.mk,
www.ading.com.mk

**Србија**
*АДИНГ*
*Белград*
*Тел: 381 11 2279 338*

**Бугарија**
*АДИНГ-Бугарија*
*Софија*
*Тел: 359 2 9555388*

**Русија**
*Вегамаркет плус*
*Москва*
*Тел: 7 495 3716436*

**Казахстан**
*ТОО Алфар*
*Алма Ата*
*Тел: 732 72 40 1688*

**Унгарија**
*АДИНГ Х Кфт.*
*Будимпешта*
*Тел: 36 29 367 457*

**Грција**
*АДИНГ-Хелас*
*Солун*
*Тел: 30 23 10569130*

**Хрватска**
*АДИНГ-ХР*
*Сплит*
*Тел: 385 98 9833 020*

**Романија**
*КРАЛЕКС*
*Букурешт*
*Тел: 40 21 3509018*

**Украина**
*Солис Компани*
*Киев*
*Тел: 380 44 4070963*

**БиХ**
*ПРОХЕМА*
*Брчко*
*Тел: 387 49 240400*

**Црна Гора**
*Ѓуришиќ и Кум*
*Бар*
*Тел: 382 85 341699*

*Изолими*
*Приштина*
*Тел: 381 38 563280*